# WOMEN POETS IN THE OTTOMAN PERIOD

**Melek Nuredini**
Bureau of Education Development, Ministry of Education and Science of North Macedonia
meleknuredini@bro.gov.mk

**Abstract:** In the general development of Turkish literature, he perceives a specific phenomenon that is characterized by the appropriation of the theoretical and aesthetic essences of Islamic culture. The influence of Arabic and Persian literature, which in every aspect strongly and constantly influenced and shaped Turkish literature, can be seen over a long period of time, from the end of the 13th century, when the first literary works began to appear, until the second half of 19th century. It is a literary tradition that lasted for 6 centuries in a language that essentially did not undergo major changes, although it largely contained Arabic and Persian words. Turkish literature is also enriched by the works of several women poets, who occupy a prominent place in this tradition. This is particularly significant, because it is truly brave for a woman, who writes poetry in a social structure such as Islam, where a woman is condemned for any intimacy and expression of feelings, where a woman is condemned for attracting attention, to write and to create about her feelings, problems and her thoughts. In the social occasions of that time, due to this way of approaching women, women poets in classical Turkish literature, where men are dominant, enter later, that is, they are a step behind men. The number of poets who, despite all the prejudices, gossip and humiliation, showed success in poetry is very small, and in the sources they are mentioned with praise.The classical Turkish literature has a significant number of women poets, even though it looks like a literature tradition that is composed only of the writings of men poets and authors. Our main aim in this study is not just to present the list of all women poets of the classical literature and their individual presentation. Our aim is, starting from their common characteristics, in the frames of the classical Turkish literature, in general to process there: conditions, works, education, associations, newspapers, writings, interests and satisfactions, as well as their issues and problems, and then add the panorama of the woman poet in this literature tradition. With the analyzes of the classical Turkish literature from the aspect of form, we have noticed that it is composed by all the characteristics of the classical Turkish poetry. As the result of the style process, we have a demonstration of expertise in using the poetry language by the poets. When analyzing the crucial characteristics we notice the wide imaginary world of the poets narrated, as well as their life stories reflected into poetry.
**Keywords:** Ottoman period, women poets, characteristics of classical Turkish literature, poetry.

# ЖЕНИТЕ ПОЕТИ ВО ОСМАНСКИОТ ПЕРИОД

**Мелек Нуредини**
Биро за развој на образованието, Министерство за образование и наука на Северна Македонија
meleknuredini@bro.gov.mk

**Резиме:** Во општиот развој на турската книжевност, се согледува една специфична појава која се катарктеризира со, присвојување на теоретските и естестките суштини на исламската култура. Влијанието на арапската и персиската книжевност, која во секој аспект силно и постојано влијаела и ја обликувала турската книжевност, се согледува низ еден подолг временски период, од крајот на 13 век, кога почнуваат да се појавуваат првите книжевни дела, па сѐ до втората половина на 19 век. Се работи за една книжевна традиција што траела 6 века на јазик, кој во суштина не претрпел големи промени, иако во голема мера содржел арапски и персиски зборови. Турската книжевност е збогатена и со делата на повеќе жени поети, кои заземаат видно место во оваа традиција. Ова е особено значајно, бидејќи е навистина голема храброст една жена, која пишува поезија во една општествена структура каква што е исламската, каде што жената се осудува за секаква нејзина интимност и искажување на чувствата, каде што жената се осудува ако привлекува внимание, да пишува и да твори за своите чувства, проблеми и за своите размислувања. Во тогашните општествени прилики поради ваквиот начин на пристапување кон жената, жените поети во класичната турска книжевност, каде доминантни се мажите, влегуваат покасно, односно тие се чекор зад мажите. Многу е мал бројот на поети, кои и покрај сите предрасуди, озборувања и понижувања, покажале успех во поезијата, а во изворите се споменуваат со пофалби. Класичната турска книжевност има значителен број на жени поети, иако изгледа како книжевна традиција која е составена само од делата на машки поети и писатели. Има околу 50 жени поети кои пишувале поезија во рамките на традицијата на класичната турска

книжевност. Но за жал анализирани се само збирките на дел од поетите што му се достапни на денешниот читател. Цел на ова студиа не е да го дадеме списокот на сите поетеси на класична литература и нивната поединечна презентација. Целта е да тргнувајќи од нивните заеднички карктеристики, во рамките на класичната турска книжевност во општи црти да ги обработиме нивните: состојби, дела, образование, здруженија, весници, занимации и задоволства, како и нивните проблеми и да ја дадеме панорамата на жената поет во ова книжевна традиција. При анализа (оценување) на суштинските карактеристики се раскажува опширниот имагинарен свет на поетите и животни приказни рефлектирани во поезија.
**Клучни зборови:** Османски период, жени поети, крактеристики на  класичната турска книжевност, поезија

## 1. ВОВЕД

Книжевноста Диван, која се нарекува и класична турска книжевност, е книжевност создадена од турците под влијание на исламската култура. Оваа книжевност, што се развила врз основа на одредени принципи, почесто се нарекува како книжевност диван поради собирањето на поезиите од страна на поетите во запишаните книги наречени „Дивани“ (збирки). Во општиот развој на турската книжевност, книжевноста диван се појавува со присвојување на теоретската и естетската суштина на исламската култура. Со признавање на персиската книжевност како посебен пример, што во секој поглед силно и постојано влијаела и ја обликувала, чии видни дела почнуваат да се појавуваат кон крајот на 13 век, па сè до втората половина на 19 век. Се работи за една книжевна традиција што траела 6 века, чијшто јазик, во суштина, не претрпел големи промени, иако, во голема мера, содржел арапски и персиски зборови. Класичната турска книжевност е дело на една цивилизација создадена од турците во склоп на исламскста цивилизација со восхит кон арапската и персиската цивилизација каде што е формирана народната книжевност. Иако на прв поглед класичната турска книжевност дава впечаток дека е составена само од дела на машки поети и писатели, не е за занемарување и бројот на жените поети. Подолу се дадени информации за животот на некои од поетесите. Жените поети на класичната турска поезија, кои потекнуваат од богати и високообразовани семејства на османското општество, поради доминантниот став во социјалниот живот, каде што во општа смисла на зборот, жената се става во пасивна положба, пишувале поезија на разновидни теми, се бореле да ги срушат сите пречки и предрасуди, користејќи ги сите видови и форми на стихови. Тие не се двоумеле да ги изразат идеите и имагинацијата што им го открива идентитетот. Уметноста се појавува како резултат на естеткките димензии на  индивидуалната креативност. Поезијата, како дел од книжевната уметност, е уметничка област во која јазикот има посебна намена. Откако постои човекот може да се каже дека и поезијата постои во разни облици. Според експертите може да се каже дека поетесите не се успешни во користењето на прозодиската мера. Јазикот не им е успешна страна. Причина за ова е потребата за познавање на одредено ниво на образование. Во врска со жените поети пак, познато е дека турската жена касно ја добила можноста за образование. Познатите жени поети во класичната(османската) турска книжевност најмногу пишувале газела и поезија со историска тематика. Еден добар дивански поет треба да биде не само талентиран, туку и мудар и совршен во секој поглед (Taşdemir, 2020, s. 235). Дел од нив биле заинтересирани и за уметноста, и покрај славата во областа на книжевноста, поточно поезијата, станале славни и во музиката, во компонирањето како и во калиграфијата.

## 2. ЖЕНАТА ВО ОПШТЕСТВОТО  НА ОСМАНЛИСКОТО  ПЕРИОД

Отоманската општествена структура се обликува фокусирајќи се врз диференцирањето на мажот и жената во областите на нивното присуство во општествената структура, а која претставува еден од најважните примери на обликувањето на женственоста од страна на мажот, а како основа е верувањето што ја зајакнува доминантноста на мажот, која е резултат на влијанието на исламот кој бил под влијание на арапската и персиската култура. Османското општество го прифаќа или го негира потеклото и вредностите што ги присвоило од арапското и иранското општество или по нив е обликувано, значи исламот кој е обликуван по овие вредности, согласно со овие верувања оставрува сосема централно и патријархално општествено организирање (Doğramacı, 1992, стр. 4). Пристапот кон жената се обликувал согласно ова сфаќање, номадска потреба на живеење. Но, сфаќањето на турците, кое потекнува од нивното старо верување, според кое жената е прифатена  речиси еднакво со мажот,  сега веќе почнува да се менува и почнува да владее убедување, кое стана свето врз основа на божја волја, уверување  со кое жената се подредува (Caporal, 1982, стр. 92). Во семејната заедница најважен пример за оваа претставува напуштањето на сфаќањето на заедничката животна средина – домаќинството или  таканаречениот оџак (Altındal, 1977, стр. 103), кое преставува заедничко живеалиште на семејството како заедница составена од поединци, мажи и жени. „Оџакот“ (домаќинството), посебено по Султан Мехмет Освајачот (Taşkıran, 1973, стр. 19), му го препушта местотот на концептот на домаќинство каде што животниот простор на мажот и жената се  раздвојува

категорично еден од друг. Мажите се сместени во селамл’к, просторија посебно креирана за мажи, а жените во харем (Caporal, 1982, стр. 97). Исто така до времето на Освојувачот, жените не ставале шамија на лице (пече) или не биле покриени (Taşkıran, 1973, стр. 19). Иако на почетокот на османскиот период старотурските традиции продолжувале да постојат, подоцна се влегува во период каде што местото се препушта на арапско-исламската култура. Присвојувањето на исламот како една општествена и политичка структура, истовремено се градело како организација со теократски особини (карактер). Најважната особина на ваквиот вид организирање е поставена од страна на создавачот кој е дефиниран од страна на исламот; затоа што е составена од правни правила што не смеат да се критикуват-испитуват или да се менуват (Altındal, 1977, стр. 97). Значи верата, односно исламот, се појавува како средство за обликување на жената во отоманското општество, додека на единката во состав на општествената структура ѝ се подметнуваат верските обврски и перцепции. Во општествениот живот и во домаќинството првично се обликуваше жената врз основа на примарната диференцијација „маж–жена“ и ставањето на жената во втор ред, како што диктираше исламското верување. Но по големиот залет во брзите општествените промени на Западот и со зголемувањето на бројот на критиките и ставовите, предрасудите во врска со тоа каде се наоѓа османлиската единка во овие промени, значи во 19 век почнуваат правата на жените во Отомаскиот Период (Altındal, 1977, стр. 123). Во Отоманскиот Период перцепцијата за жената била различна помеѓу народот и царскиот двор, што се однесува до управниот сооднос. Дворските жени беа од други вери и потекла. Со самото нивно сместување во дворот тие со сфаќањата и верувањата понудени од палтата ги зајакнуваа своите верувања и култури, значи имаа многу поинакво сфаќање и осет од оние што ги имаше народната, обичната жена (İnan, 1982, стр. 63). Додека обичната жена се ставаше во втор ред и додека се туркаше надвор од општеството и беше заробена дома, во „дворецот – „Валиде Султан“ можеше да стане центар на една важна сила и водеше сосема слободен живот (Altındal, 1977, стр. 63). Оваа слобода на жените од палатата со време им овозможи да учествуваат во политиката, а посебно во 18–19 век. Оваа слобода, можеше да биде фактор во обликувањето на отоманската политика (Altındal, 1977, стр. 112). Покрај дворската жена, која во палатата беше влијателна во државниот авторитет и која можеше да интервенира во политичката волја, ја имаме обичната жена која за задача имаше: да раѓа деца за мажот, да се грижи за нив да бидат здрави и да обезбеди потомци. Значи, дворската жена не учествуваше во ниеден дел од производтство, туку со еден збор беше во положба на потрошувач (Davis, 2009, стр. 24). Токму заради ова дворските жени имаа можност да следат настава и да се обучуваат. Можеа да го обезбедат својот културен развој. Обликувањето на идентитетот на жената во Османлискиот Период се оствaруваше така што примарно беше дозволената мера на општествената структура и врз основа на сфаќањето каде што, пред сѐ, жената беше во улога на „пасивна личност (Taşkıran, 1973, стр. 63). Фактот дека повеќето поети се мажи, бројот на поетеси во диванската поезија, особено оние кои имаат диван, е многу ограничен, фактот дека жените се истакнуваат и нивниот глас се слуша во отоманското општество, се однесува на тешкотијата да ги покаже своите таленти на јавната сфера (Morkoç, 2017, s. 3457).

## 3. ОБРАЗОВАНИЕТО НА ЖЕНАТА ВО ОСМАНЛИСКОТО ОПШТЕСТВО

Важни фактори во промената на статусот на образованата жена се прифаќањето на исламот, преминувањето од номадскиот во цивилизираниот живот и влијанието на културите во цивилизираните географски положби. Не може да се каже дека исламот донел строги ограничувања за образованието на девојките или општо гледно за жената. Во исламската историја е познато дека постоеле жени што биле високообразовани. За да се стекнат со повисок степен на образование, жените требало да следат настава од приватни предавачи, да одат во теќето на некоја секта и да ги научат вештините од областа на поезијата и музиката. Пред 1859 година единствена институција за образование е основното училиште. На девојките не им се дава можност да следат понатамошна настава или не чувствуваат потреба за тоа. Поради загриженоста дека образованите девојки ќе напишат некоја песна (мелодија) за нивните другари се спречуваат да следат понатамошна настава (да станат писмени) (Çakır, 2011, стр. 55). Класичниот систем на образованието и ставот на отоманската држава почнал да се менува посебно по реформите со започнувањето на иновативните (реформаторските) движења.

## 4. ДВИЖЕЊА, ЗДРУЖЕНИЈА, СПИСАНИЈА ЗА ЖЕНИ ВО ОСМАНЛИСКИОТ ПЕРИОД

На почетокот на отоманскиот период во големите градови со влијанието на медресите и сектите иако на жените делумно им е овозможено место во социјалниот живот, според својата верска припадност тоа постепено почнува да се губи. Во периодот на реформите и конституционалноста, како потреба поради општата атмосфера за слободата се случиле промени и во врска со жените. Во овој период статусот на жената влегува во процес на брзи промени. Движењето на жената се појавува како бунт против моделот на

улога, начинот, стилот на живеењето кои ѝ беа поставени на жената (Çakır, 2011, s. 87). Како дел од движењето на модернизацијата се направени сериозни чекори, турската жена да ги добие своите општествени и политички права. Списанијата за жени им овозможија на жените да можат да се изразат како поединци и овие поединечни потреби преку основаните здруженија се претворија во организирани заедници. На ваков начин предложените решенија за разните проблеми се обиделе да се спроведат во практиката (Çakır, 2011, s. 87) Некои од овие здруженија се: Здруженија за помош, здруженија основани со намера преку обучувањето жените да стекнат професија, друштва за култура, женски здруженија на феминистки (Çakır, 2011, s. 69). Ваквите, како и многу други здруженија, активно придонеле за правата на жената. Жените првпат своите лични ставови, презентации ги промовирале преку медиумите. Весниците и списанијата што се сметале како метода за доставување на поплаки и потреби на жените од секој слој со време ги збогатиле нивните содржини, им пораснал тиражот и го подобриле квалитетот. Фатма Шадије Хан'м беше одговорна личност за весникот Хан'млара Махсус, читателите ја контактираа за да ги пренесат своите зборови и желби во врска со весникот. Во овој контекст, во примероците од списанијата објавени помеѓу 1895 и 1904 година, беа објавени неговите пишувања во стилот на писмо за читателите насловени „Мухабере-и Аленије“ и неговите „одговори“ на нивните списи (Öztürk, 2022, s. 1142).

Во 1868 година за првпат бил објавен весникот Прогрес, Весникот Прогрес, објавен на 15 јуни 1868 година, од страна на Али Решит и Филип Ефенди за жените објави и еден додаток по име Мухадерат (Çakır, 2011, s. 63). Во весникот Алије, се објавени женски весници и тоа во 1894–1896 година посебни податоци, информации за жените , и меѓу 1893–1908 години има посебен весник за жени (Bekiroğlu, 1999, s. 811). Видно е дека жените не се откажале од своите идеи, од тоа што мислеле дека е нивно право, иако биле понижени и омаловажени, постојано работеле за своите права. Дури може да се каже дека блискоста на жените со уметноста претходи на онаа на мажите. Од оваа гледна точка, производството, образованието и грижата за детето; дури и војна итн. како и поезија, музика и ракотворби. Жените заедно со своите сопрузи и семејството се прославија на секое поле од животот. Меѓутоа, во долгиот историски процес во ова интензивно темпо го остави своето место на стагнација или прекини во различни прилики (Kızıltunç, 2017, s. 756). Заеднички проблем за речиси секоја поетеса чии биографии и дискусии накратко ги споменавме погоре е тоа што нема доволно информации за нив. Овој недостаток на информации природно предизвикува одредени дискусии и дезинформации (Keleş, 2020, s. 140).

## 5. ЗАКЛУЧОК

Во османлиското општество жените поети кои израснале во богати и образовани семејства, во општествениот живот во целина се бореле со различни пречки и предрасуди, но сепак пишувале во сите форми и видови на поезија во класичната турска литература. За да може делата на поетесите да излезат на виделина, односно да се знае за нивните книжевни дела, било потребно време, бидејќи општеството не ѝ дозволувало ваква улога на жената. Жените често ги преземале одговорностите, ја преземале улагата како брачен другар, како мајка, а за уметноста и литературата можеле да пишуваат само кога им останувало време. Тешка била одговорноста што требало да ја сноси една жена за да биде поет во едно општество каква што била османлиската средина, каде жената во социјалниот живот имала одредена улога и задача определена од страна на конзервативното општество, каде што владеело сфаќањето, ако жената стане поет сешто може да ѝ се случи. Гледано во двата аспекта, како што се литературниот и општествениот, или да се биде жена поет, која пишува во еден период на книжевноста каде што е поважно повеќе да се почитува начинот на користење на зборот отколку што е кажано, каде има граници, одредени правила, формализам, сепак, жените поети и покрај сложениот начин на следење на формата на пишувањето, успевале да ја напишат својата поезија. Од многубројните поети, мал е бројот на оние што покрај сите предрасуди, озборувања и понижувања покажале успех во поезијата и во изворите се споменуваат со пофалби. Во поезијата слободно се изразувале и не се двоумеле да ги изразат женствените чувства, имагинациите и идентитетот, дури и во социјални ситуации се трудиле да бидат вмешани и да бараат правдина. И покрај доминантноста на мажите поети, поетесите и понатаму биле како малцинство, во срединиte на литературата се пробивале со напор, сакајќи да им се слушне гласот и да ја покажат храброста. Жените поети со својот поетски јазик на поезијата ѝ придодале женствена елеганција и финост. Без двоумеење понекогаш по потреба ги изразувале женските чувства, а понекогаш ги изразувале идејата и имагинацијата. Имало и такви што го дигнале гласот против неправдата и против општествената одговорност.

## ЛИТЕРАТУРА

Altındal, A. (1977). *Türkiye'de Kadın.* İstanbul: Havass Yayınları.
Bekiroğlu, N. (1999). *Osmanlıda Kadın Şairler* . Ankara: Yeni Türkiye Yayınlar.

Çakır, S. (2011). *Osmanlı Kadın Hareketleri.* İstanbul: Metis Yayınları.
Caporal, B. (1982). *Kemalizmde ve Kemalizm Sonrasında Türk Kadını.* Ankara: Türkiye İş Bankası Kültür Yay.
Davis, F. (2009). *Osmanlı Hanımı.* İstanbul: Yapı Kredi Yay.
Doğramacı, E. (1992). *Türkiye'de Kadının Dünü ve Bugünü.* Ankara: Türkiye İş Bankası Kültür Yay.
İnan, A. (1982). *Tarih Boyunca Türk Kadınının Hak ve Görevleri.* İstanbul: Milli Eğitim Bakanlığı Yay.
Keleş, R. (2020). Alevi-Bektaşi Edebiyatının Kadın Şairleri ve Bazı Tartışmalar. *Türk Kültürü ve Hacı Bektaş Velî Araştırma Dergis*(93), 111-142.
Kızıltunç, R. (2017). Çağatay Edebiyatında Kadın Şairler. *Turkish Studies*, 731-759.
Morkoç, Y. E. (2017). Ottoman female poets that differ Divan literature with their voice and with their distinctive. *İnternational Journal of Human Sciences, 14*(4), 3456-3471.
Öztürk, Z. (2022). Fatma Şadiye Hanım ve Hazret-i Âyişe-i Sıddîka İsimli Eseri. *Divan Edebiyatı Araştırmaları Dergisi*(29), 1137-1155.
Taşdemir, İ. (2020). About Poem and Poet Evaluations on the Dîvan Literature's Populer Texts. *International Journal of Filologia (IJOF)*(4), 218-145.
Taşkıran, T. (1973). *Cumhuriyetin 50. Yılında Türk Kadın Hakları.* Ankara: Cumhuriyetin 50. Yıldönümü yay.